# У П А Т С Т В О

## ЗА НАЧИНОТ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ, АНГАЖИРАЊЕ НА СТРУЧНИ ЛИЦА, ПРИМАРНИ ОБВРСКИ НА ОДГОВОРНИТЕ ЛИЦА И ФИНАНСИРАЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ СПОРТСКИ ЛИГИ ВО УЧЕБНА 2018/2019

Во натпреварувачката и учебна 2018-2019 година, Федерацијата на училишен спорт на Македонија организира единствен систем на натпревари со Училишни спортски лиги, кои ќе се реализираат на четири нивоа во спортовите: **футсал, кошарка, ракомет и одбојка** за основните и средните училишта во машка и женска конкуренција. Сите 80 општини во Република Македонија се поделени во 36 Меѓуопштински натпреварувачки целини групирани во 12 зони и три региони (Источен, Западен и Скопски).

**Училишните спортски лиги се составен дел на наставата во форма на активности вон редовната настава на спортските секции и училишниот спортски клуб, согласно законите за основно и средно образование и законот за спорт, каде во спортската екипа сите ученици се од истото училиште.**

### НАЧИН НА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ СПОРТСКИ ЛИГИ

МЕЃУОПШТИНСКИ УЧИЛИШНИ НАТПРЕВАРИ

Првиот степен во системот на натпреварување на ФУСМ се Меѓуопштинските училишни натпревари во 36 меѓуопштински натпреварувачки целини. Во поголемите градови и општински сојузи кои имат повеќе основни и средни училишта, може да организират Меѓуопштински лиги или преку друг систем на натпревари (куп или репасаж систем) да исфрлат победник-претставник за Зонските лиги. Помалите места со мал број на училишта во кои нема услови за лига систем на натпревари, Меѓуопштинските натпревари ги играат по куп систем со меѓусебен натпревар. Меѓуопштинските училишни натпревари ќе се реализират во месеците: Септември, Октомври и Ноември 2018 година.

ЗОНСКИ УЧИЛИШНИ ЛИГИ

Зонските училишни лиги во рамките на еден регион, се формираат од 3 екипи од следните 36 Меѓуопштински натпреварувачки целини:

**ИСТОЧЕН РЕГИОН**

**Зона СТРУМИЦА:**

1. **Струмица, Ново Село, Василево и Босилово;**
2. **Радовиш и Конче;**
3. **Штип и Карбинци.**

**Зона КУМАНОВО:**

1. **Куманово, Старо Нагоричане и Липково;**
2. **Свети Николе и Пробиштип;**
3. **Кратово, Ранковце и Крива Паланка.**

**Зона ВЕЛЕС:**

1. **Велес, Чашка, Лозово и Градско;**
2. **Гевгелија;**
3. **Богданци, Дојран и Валандово.**

**Зона КОЧАНИ:**

1. **Кочани, Чешиново-Облешево и Зрновци;**
2. **Виница и Македонска Каменица;**
3. **Делчево, Берово и Пехчево.**

**ЗАПАДЕН РЕГИОН**

**Зона ПРИЛЕП:**

1. **Прилеп, Кривогаштани и Долнени;**
2. **Кавадарци и Росоман;**
3. **Неготино и Демир Капија.**

**Зона БИТОЛА:**

1. **Битола, Новаци и Могила;**
2. **Крушево и Демир Хисар;**
3. **Ресен.**

**Зона ОХРИД:**

1. **Охрид и Дебарца;**
2. **Струга и Вевчани;**
3. **Кичево, Македонски Брод и Пласница.**

**Зона ТЕТОВО:**

1. **Тетово, Брвеница, Желино, Боговиње, Теарце и Јегуновце;**
2. **Гостивар и Врапчиште;**
3. **Дебар, Жупа и Маврово-Ростуше.**

**СКОПСКИ РЕГИОН**

**Зона ИСТОК:**

1. **Гази Баба;**
2. **Илинден и Петровец;**
3. **Арачиново.**

**Зона ЗАПАД:**

1. **Карпош;**
2. **Центар;**
3. **Ѓорче Петров и Сарај.**

**Зона СЕВЕР:**

1. **Чаир;**
2. **Бутел;**
3. **Шуто Оризари и Чучер Сандево.**

**Зона ЈУГ:**

1. **Кисела Вода;**
2. **Аеродром;**
3. **Студеничани, Сопиште и Зелениково.**

**НАПОМЕНА:** Зонските училишни лиги се составени од три екипи, односно, по една (победничка) екипа од трите Меѓуопштински натпреварувачки целини во една зона и се игра по **ДВОКРУЖЕН** бод систем со ДВА турнири. Доколку во некоја Зона, некоја од Меѓуопштинските натпреварувачки целини нема екипа-претставник, тогаш за пополнување на нејзиното место ќе се одигра бараж натпревар на второпласираните екипи од двете останати Меѓуопштински натпреварувачки целини. Доколку две Меѓуопштински натпреварувачки целини немат екипа-претставник, тогаш Зонската лига ја сочинуваат трите првопласирани екипи од третата Меѓуопштинска натпреварувачка целина, а доколку не може ни тоа да се реализира тогаш Зонската лига нема да се организира. Реализацијата на Зонските лиги ќе се одвива во месеците: Ноември и Декември 2018 година. **Победничките екипи на Зонските лиги се стекнуваат со право за учество во Регионалните училишни лиги.** Доколку првопласираната екипа на Зонската лига не е во можност да учествува во Регионалната лига, тоа право го добива второпласираната, односно, третопласираната екипа доколку ни второпласираната екипа не е во можност да учествува во Регионалната лига.

**РЕГИОНАЛНИ УЧИЛИШНИ ЛИГИ**

На територијата на Република Македонија се организираат три Регионални училишни лиги, и тоа за Источен, Западен и Скопски регион. Регионалните училишни лиги се составени од 4 (четири) екипи, односно, во нив учествуваат победничките екипи на четирите Зонски лиги во рамките на еден регион. Регионалните лиги се играат по **ЕДНОКРУЖЕН** бод ситем со ДВА турнири. Одржувањето на Регионалните лиги ќе се реализира во месеците: Март и Април 2019 година. **Првите две пласирани екипи на Регионалните лиги, се квалификуваат за учество и настап во Државните лиги.** Доколку некоја од првите две пласирани екипи на Регионалните лиги не е во можност да учествува во Државните лиги, тогаш тоа право го добива третопласираната екипа.

**ДРЖАВНИ УЧИЛИШНИ ЛИГИ**

Државните училишни лиги се составени од по 6 (шест) екипи, односно, по 2 (две) екипи од трите региони, поточно, двете првопласирани екипи на трите Регионални лиги. Државните лиги се играат во **ЕДНОКРУЖЕН** бод систем со ТРИ турнири (по еден турнир во трите региони) и вкупно 15 натпревари. Доколку во категоријата ОСНОВНИ училишта, некој или соседни општински сојузи се пријават за домаќини и организатори на Државните училишни игри – Олимпијада за основни училишта во траење на три дена, тогаш Државните лиги ќе се одржат на следниот начин. Првиот и вториот турнир ќе се одржат во два града од двата региони, а третиот турнир ќе се одржи во градот домаќин на Олимпијадата за основни училишта и плус во истиот град ќе се одржи завршен ПЛЕЈОФ турнир. Одржувањето на Државните лиги ќе се реализира во месеците: Април и Мај 2019 година.

**УЧИЛИШНИ ЛИГИ ЗА 6-7 ОДДЕЛЕНИЕ**

ФУСМ во претстојната натпреварувачка и учебна 2018-2019 година, ќе организира Училишни спортски лиги и за учениците во 6 и 7 одделение при основните училишта во машка и женска конкуренција, и тоа во спортовите: футсал, кошарка, ракомет и одбојка. Училишните лиги за 6-7 одделение, ќе се реализираат на три нивоа и степени. Првиот степен се ОПШТИНСКИ (Меѓуопштински) лиги во градовите и поголемите општински сојузи или Меѓуопштински натпревари без лига систем. Вториот степен се ЗОНСКИ лиги составени од три Меѓуопштински натпреварувачки целини - исто како и во категоријата Основни (8-9 одделение) и Средни училишта во рамките на една зона, и третиот степен се РЕГИОНАЛНИ лиги. Зонските и Регионалните лиги за 6-7 одделение, ќе бидат составени и ќе се реализираат на истиот начин како и Зонските и Регионални лиги за постарите категории: основни и средни училишта. Овие училишни лиги за 6-7 одделение, ќе се реализираат во месеците: Март, Април и Мај 2019 година.

**АНГАЖИРАЊЕ НА СТРУЧНИ ЛИЦА И ПРИМАРНИ ОБВРСКИ НА ОДГОВОРНИТЕ ЛИЦА**

**Регионалните и зонските координатори** вршат непосредна комуникација со одговорните лица за училишен спорт на зонско, општинско и училишно ниво. **Зонските координатори** од источниот, западниот и скопоскиот регион, (вкупно 12) изготвуваат листи на пријавени училишни спортски клубови или училишни спортски екипи за меѓуопштинските натпревари за секоја од меѓуопштинските натпреварувачки цели.

**Комесарот** врши евиденција за резултатите од својата лига и исплата по завршување на секој турнир, одкако делегатот ќе испрати информација за резултатите со слики од сите екипи во електронска форма до комесарот, раководителот на комесарите од регионот и одговорните лица од менаџерскиот тим со маркетинг службата во ФУСМ.

**Делегатот** е одговорен за регуларноста на натпреварите со идентификација на екипите преку натпреварувачките книшки и евиденција на лекарските прегледи. Веднаш по завршување на

турнирот, делегатот испраќа информација за резултатите (со слики од сите екипи во електронска форма) до комесарот, регионалниот координатор и одговорните лица за информации од ФУСМ. Има улога на "главен судија" и врши исплата на службените лица, ако комесарот на лигата не е присутен на турнирот.

**Домаќинот** на турнирот обезбедуваат терен, топки, реквизити, записници, редарска служба, лекар на натпревар или лекар на повик, обучено лице за давање прва помош, медиуми и други тековни потреби за екипите на турнирот.

**Наставник/професор-тренер (водач на екипата)** е одговорен за својата екипа на турнирот и за време на патувањето.

**Судија** може да биде наставник/ професор, студент од областа на физичкото образование и спортот и лиценциран судија кој ги познава основите на пропозициите и правилата на спортската игра, прилагодени за училишниот спорт.

**Записничар, мерач на време** може да биде наставик, професор, студент од областа на физичкото образование и спортот или ученик.

**Лекар** може да се обезбеди на лице место или лекар на повик. Кога неможе да се обезбеди лекар на лице место, тогаш се обезбедува лекар на повик и обучено лице за прва помош на лице место на турнирот.

**Регионалните и зонските координатори заедно со раководителите на комесари ги определуваат комесарите на лигите и службените лица на натпреварите за секој турнир. Службените лица на турнирите, особено домаќините ако не се определат со договор, тогаш се применува извлекување (ждреб).**

**Изборот на комесарите на лигите и делегатите на турнирите примарно се врши од одговорните лица во проектот и од комисиите по спортови во ФУСМ за фудбал, футсал, ракомет, кошарка и одбојка.**

## ФИНАНСИРАЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ СПОРТСКИ ЛИГИ

### Финансиски трансакции и исплата на службени лица

Финансиските средствата наменети за лигите се префрлаат од ФУСМ до општинските сојузи за училишен спорт или училишните спортски клубови во бруто износ со персонален данок од 10%.

Овие средствата од општинските сојузи или клубовите се префрлаат на слжбените лица од турнирот преку трансакциска сметка на секој учесник или по завршување на турнирот преку комесарите, делегатите или домаќините со исплата во готово на лице место со потпис.

Ако не се обезбеди лекар на лице место, тогаш се обезбедува лекар на повик по цена 50% помала од нормативот за финансирање на еден натпревар. Другите 50% од ставката лекар се исплаќаат на лицето обучено за давање прва помош кое било присутно на натпреварите.

Доколку некоја лига се откаже, тогаш средставата ќе се пренаменат за друг модел на натпревари по принципот - секој со секого.

**Исплата на гостински екипи за превоз**

Според нормативот за финансирање на еден натпревар, партиципацијата за превоз во зависност од вкупниот број на натпревари на турнирот, се исплаќа по километар на следниот начин:

**Пример 1.**

**За источен и западен регион**

Турнир со 4 екипи со вкупно 3 натпревари од кои 3 се гостински

Гостинска екипа 1 изминала = 80 км, Гостинска 2 = 60 км, Гостинска 3 = 70 км, што значи, Вкупно = 210 км, така што првата гостинска екипа од вкупната сума ќе добие 38,1%. Пресметката се врши со пропорција на следниот начин: 210 км = 100%, а 80 км = Х %, односно **(80 х 100)/210 = 38,1%.** Втората гостинска екипа ќе добие 28.6% и третата 33.3%.

Бидејќи на турнирот има вкупно 3 натпревари, тогаш вкупната сума за превоз е: 3 натпревари х 750 ден = 2250 ден.

Првата гостинска екипа ќе добие 857 ден (2250 = 100%, а Х = 38,1%, односно **2250 х 38,1%)/100 = 857 ден.**, втората гостинска екипа ќе добие 644 ден. и третата 749 ден. ( или заокружено, првата 857 ден., втората 644 ден. и третата 749 ден.).

**Пример 2.**

**За скопски регион**

Турнир со 4 екипи со вкупно 3 натпревари од кои 3 се гостински

Гостинска екипа 1 изминала = 15 км, Гостинска 2 = 20 км, Гостинска 3 = 8 км, односно, Вкупно = 43 км, што значи првата гостинска екипа од вкупната сума ќе добие 34,9%, втората 46,5% и третата 18,6%.

Бидејќи на турнирот има вкупно 3 натпревари, тогаш вкупната сума за превоз е: 3 натпревари х 250 ден = 750 ден.

Првата гостинска екипа ќе добие 262 ден, втората 349 ден и третата 139 ден.

**ПРИЛОГ:**

- Норматив за финанасирање на еден натпревар на Зонско и Регионално ниво
- Норматив за финанасирање на еден натпревар на Државно ниво
- листа на пријавени училишни спортски клубови или училишни спортски екипи за меѓуопштинските натпревари
- Упатство за делегатот.
- Табели за водење комплетна евиденција на училишни лиги според моделите за организирање на натпревари во лига систем (секој со секого).

**Табела 1. Основен норматив (стандард) за организирање и финансирање на еден натпревар во спортските игри на Зонско и Регионално ниво**

| Партиципација за превоз / Службени лица | ИСТОЧЕН И ЗАПАДЕН РЕГИОН (ден) | СКОПСКИ РЕГИОН (ден) |
|---|---|---|
| Наставник/професор 2 | 800 | 800 |
| Домаќин 1 | 250 | 250 |
| Делегат 1 | 300 | 300 |
| Судија 1 | 250 | 250 |
| Записничар / мерач на време 1 | 50 | 50 |
| Лекар 1 | 150 | 150 |
| Партиципација за превоз | 750 | 250 |
| **ВКУПНО (НЕТО)** | **2.550** | **2.050** |
| **ВКУПНО (БРУТО) + 10% данок и манипулативни трошоци** | **2.850** | **2.300** |

**Табела 2. Цена во зависност од моделот на организирање на спортските лиги**

| Модел / Регион | Вкупен бр. на натпревари за М4 = 6 | | Вкупен бр. на натпревари за М6 = 6 | |
|---|---|---|---|---|
| | БРУТО (ден) | НЕТО (ден) | БРУТО (ден) | НЕТО (ден) |
| ИСТОК-ЗАПАД | 17.100 | 15.300 | 17.100 | 15.300 |
| СКОПЈЕ | 13.800 | 12.330 | 13.800 | 12.330 |

**Табела 3. Основен норматив (стандард) за организирање и финансирање на еден натпревар во спортските лиги на Државно ниво**

| Партиципација за превоз / Службени лица | И З Н О С денари |
|---|---|
| Наставник/професор 2 х 500 | **1.000,оо** |
| Домаќин 1 х 250 | **250,оо** |
| Делегат 1 х 300 | **300,оо** |
| Судии 2 х 250 | **500,оо** |
| Записничар / мерач на време 1 | **100,оо** |
| Лекар 1 х 200 | **200,оо** |
| Партиципација за превоз | **1.500,оо** |
| **ВКУПНО (НЕТО)** | **3.850,оо** |
| **ВКУПНО (БРУТО) со 11,11% данок и манипулативни трошоци** | **4.300,оо** |

**Табела 4. Цена во зависност од моделот на организирање на спортските лиги**

| Модел | Вкупен бр. на натпревари за М10 = 15 | |
|---|---|---|
| | БРУТО (ден) | НЕТО (ден) |
| ДРЖАВНИ ЛИГИ | 64.500 | 57.750 |

**Табела 5. Цена за комесари во спортските лиги**

| Модел / Комесари | Вкупен бр. на натпревари за М4 = 6 (лига со 3 екипи) | | Вкупен бр. на натпревари за М6 = 6 (лига со 4 екипи) | | Вкупен бр. на натпревари за М10 = 15 (лига со 6 екипи) | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | НЕТО (ден) | БРУТО (ден) | НЕТО (ден) | БРУТО (ден) | НЕТО (ден) | БРУТО (ден) |
| Комесари | 1.500 | 1.700 | 2.500 | 2.800 | 5.000 | 5.600 |

**ЗОНА_____**

**Пријавени екипи за меѓуопштински натпревари (Квалификации за зонски лиги)**

| Меѓуопштински натпреварувачки целини | Спорт | Пол | Основни Училишта | Средни Училишта |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ФУТСАЛ | М | | |
| | | Ж | | |
| | РАКОМЕТ | М | | |
| | | Ж | | |
| | КОШАРКА | М | | |
| | | Ж | | |
| | ОДБОЈКА | М | | |
| | | Ж | | |
| 2. | ФУТСАЛ | М | | |
| | | Ж | | |
| | РАКОМЕТ | М | | |
| | | Ж | | |
| | КОШАРКА | М | | |
| | | Ж | | |
| | ОДБОЈКА | М | | |
| | | Ж | | |
| 3. | ФУТСАЛ | М | | |
| | | Ж | | |
| | РАКОМЕТ | М | | |
| | | Ж | | |
| | КОШАРКА | М | | |
| | | Ж | | |
| | ОДБОЈКА | М | | |
| | | Ж | | |

**УПАТСТВО ЗА ДЕЛЕГАТОТ**

1. ПРЕГЛЕД НА УСЛОВИТЕ ЗА НАТПРЕВАР ВО САЛАТА ОДРЕДЕНА ЗА ДОМАЌИН НА ТУРНИРОТ ПРЕД ПОЧЕТОКОТ НА НАТПРЕВАРИТЕ

2. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЕКИПИТЕ ПРЕКУ НАТПРЕВАРУВАЧКИТЕ КНИШКИ И ЕВИДЕНЦИЈА НА ЛЕКАРСКИТЕ ПРЕГЛЕДИ

3. ФОТОГРАФИРАЊЕ НА ЕКИПИТЕ ПРЕД НАТПРЕВАРИТЕ

4. ИМА УЛОГА НА "ГЛАВЕН СУДИЈА" ВО ТЕКОТ НА НАТПРЕВАРИТЕ

5. ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА СЕКОЈ НАТПРЕВАР ГО ЗАПИШУВА РЕЗУЛТАТОТ ВО ДЕЛАГАТСКИОТ ИЗВЕШТАЈ

6. ВЕДНАШ ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ТУРНИРОТ ИСПРАЌА ИНФОРМАЦИЈА ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ СО ФОТОГРАФИИ ОД ЕКИПИТЕ ДО КОМЕСАРОТ НА ЛИГАТА, РЕГИОНАЛНИОТ КООРДИНАТОР И ЛИЦАТА ЗА ИНФОРМАЦИИ ОД ФУСМ

- КОМЕСАР НА ЛИГА (тел.и ел.пошта)_____

- РЕГИОНАЛЕН КООРДИНАТОР (тел.и ел.пошта)_____

- ЛИЦЕ ЗА ИНФОРМАЦИИ ОД ФУСМ (тел. и ел.пошта) _____

7. ПО ПОТРЕБА ВРШИ ИСПЛАТА НА СЛУЖБЕНИТЕ ЛИЦА АКО КОМЕСАРОТ НА ЛИГАТА НЕ Е ПРИСУТЕН НА ТУРНИРОТ

8. УРЕДНО И УГЛЕДНО ОБЛЕЧЕН (ПО МОЖНОСТ ДА НЕ Е ВО СПОРТСКА ОПРЕМА)

**НАПОМЕНА:**

**НАТПРЕВАРТИТЕ ПОСЛЕ РЕГУЛАРНИОТ ДЕЛ НЕ МОЖАТ ДА ЗАВРШАТ СО НЕРЕШЕН РЕЗУЛТАТ.**

**ВО РАКОМЕТ И ФУТСАЛ ПОБЕДНИКОТ СЕ ОДРЕДУВА ПО ИЗВЕДУВАЊЕ НА 3 ПЕНАЛИ.**

**ВО КОШАРКА ПОБЕДНИКОТ СЕ ОДРЕДУВА ПО ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 3 МИН.**

**ЛИГА СО 3 ЕКИПИ - 2 круга, 6 кола, 6 натпревари, 2 турнири, 4 натпревари по екипа (модел 4 од проектот)**

Спорт:_____ Училиште: основ./средно, Род: м/ж одделение:_____ Регион:_____ Група:_____

Комесар на лигата _____ моб.тел._____ Е.маил:_____

Раководител на комесари_____ моб.тел._____ Е.маил:_____

Лице за информации од ФУСМ_____ моб.тел._____ Е.маил:_____

Учил. Екипа град: 1._____ 2._____ 3_____

Водач на екипа, тел. ел-пошта: 1._____ 2._____ 3_____

| Круг | Коло | Бр. натп. | Парови | Име на екипа (д) | Резултат | Име на екипа (г) | Тур-нир | Место на одигрување | Дата | Час |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПРВ | I | 1 | 2-3 | | | | ПРВ | | | |
| | II | 2 | 1-2 | | | | | | | |
| | III | 3 | 3-1 | | | | | | | |
| ВТОР | IV | 4 | 2-1 | | | | ВТОР | | | |
| | V | 5 | 3-2 | | | | | | | |
| | VI | 6 | 1-3 | | | | | | | |

| Турнир / Слу.лица | Делегат (тел.) | Домаќин (тел.) | Судија (тел.) | Лекар (тел.) | Записничар (тел.) |
|---|---|---|---|---|---|
| **ПРВ** | | | | | |
| **ВТОР** | | | | | |

**Бодовна листа: победа = 2, пораз = 0**

| Екипа / Коло | I | II | III | IV | V | VI | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | |

**КОНЕЧНА РАНГ ЛИСТА - ПЛАСМАН**

| МЕСТО | ЕКИПА (училиште – град) | ВКУПНО БОДОВИ |
|---|---|---|
| 1 | | |
| 2 | | |
| 3 | | |

**ЛИГА СО 4 ЕКИПИ - 1 круг, 3 кола, 6 натпревари, 2 турнири, 3 натпревари по екипа (модел 6 од проектот)**

Спорт:_____ Училиште: основ./средно, Род: м/ж одделение:_____ Регион:_____ Група:_____
Комесар на лигата _____ моб.тел._____ Е.маил:_____
Раководител на комесари_____ моб.тел._____ Е.маил:_____
Лице за информации од ФУСМ_____ моб.тел._____ Е.маил:_____
Учил. Екипа град: 1._____ 2._____
3._____ 4._____
Водач на екипа, тел. ел-пошта: 1. _____ 2. _____
3._____4._____

| Круг | Коло | Бр. натп. | Парови | Име на екипа (д) | Резултат | Име на екипа (г) | Тур-нир | Место на одигрување | Дата | Час |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПРВ | I | 1 | 1-4 | | | | ПРВ | | | |
| | | 2 | 2-3 | | | | | | | |
| | II | 3 | 2-1 | | | | | | | |
| | | 4 | 3-4 | | | | ВТОР | | | |
| | III | 5 | 1-3 | | | | | | | |
| | | 6 | 4-2 | | | | | | | |

| Турнир / Слу.лица | Делегат (тел.) | Домаќин (тел.) | Судија (тел.) | Лекар (тел.) | Записничар (тел.) |
|---|---|---|---|---|---|
| **ПРВ** | | | | | |
| **ВТОР** | | | | | |

| **Бодовна листа: победа = 2, пораз = 0,** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Екипа / Коло | I | II | III | **ВКУПНО** |
| 1 | | | | |
| 2 | | | | |
| 3 | | | | |
| 4 | | | | |

| **КОНЕЧНА РАНГ ЛИСТА - ПЛАСМАН** | | |
|---|---|---|
| МЕСТО | ЕКИПА (училиште – град) | **ВКУПНО БОДОВИ** |
| 1 | | |
| 2 | | |
| 3 | | |
| 4 | | |

## ЛИГА СО 6 ЕКИПИ - 1 круг, 5 кола, 15 натпревари, 3 турнири, 5 натпревари по екипа (модел 10 од проектот)

Спорт:_____ Училиште: основ./средно, Род: м/ж одделение:_____ Регион:_____ Група:_____
Комесар на лигата _____ моб.тел._____ Е.маил:_____
Раководител на комесари_____ моб.тел._____ Е.маил:_____
Лице за информации од ФУСМ_____ моб.тел._____ Е.маил:_____
Учил. Екипа град: 1._____ 2._____ 3._____
4._____ 5._____ 6. _____
Водач на екипа, тел. ел-пошта: 1._____2._____ 3_____
4._____5._____6._____

| Круг | Коло | Бр. натп. | Парови | Име на екипа (д) | Резултат | Име на екипа (г) | Тур-нир | Место на одигрување | дата | Час |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПРВ | I | 1 | 1-6 | | | | ПРВ | | | |
| | | 2 | 2-5 | | | | | | | |
| | | 3 | 3-4 | | | | | | | |
| | II | 4 | 2-1 | | | | | | | |
| | | 5 | 3-6 | | | | | | | |
| | | 6 | 4-5 | | | | ВТОР | | | |
| | III | 7 | 3-1 | | | | | | | |
| | | 8 | 4-2 | | | | | | | |
| | | 9 | 5-6 | | | | | | | |
| | IV | 10 | 1-4 | | | | | | | |
| | | 11 | 5-3 | | | | ТРЕТ | | | |
| | | 12 | 6-2 | | | | | | | |
| | V | 13 | 1-5 | | | | | | | |
| | | 14 | 6-4 | | | | | | | |
| | | 15 | 2-3 | | | | | | | |

| Турнир / Слу.лица | Делегат (тел.) | Домаќин (тел.) | Судија (тел.) | Лекар (тел.) | Записничар (тел.) |
|---|---|---|---|---|---|
| ПРВ | | | | | |
| ВТОР | | | | | |
| ТРЕТ | | | | | |

| Бодовна листа: победа = 2, пораз = 0, | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Екипа / Коло | I | II | III | IV | V | ВКУПНО |
| 1 | | | | | | |
| 2 | | | | | | |
| 3 | | | | | | |
| 4 | | | | | | |
| 5 | | | | | | |
| 6 | | | | | | |

| КОНЕЧНА РАНГ ЛИСТА - ПЛАСМАН | | |
|---|---|---|
| МЕСТО | ЕКИПА | ВКУПНО |
| 1 | | |
| 2 | | |
| 3 | | |
| 4 | | |
| 5 | | |
| 6 | | |